ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 26 ДАТА 07.10.2016 ГОДИНА 34

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

ФФМ

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 26 ДАТА 07.10.2016 г.

## СОДРЖИНА

- ОДЛУКА ОД КОМИТЕТОТ ЗА ИТНОСТ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ
- ПРОПОЗИЦИИ ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО ВТОРА ЛИГА ВО МАЛ ФУДБАЛ ЗА НАТПРЕВАРУВАЧКАТА 2016/2017 ГОДИНА
- ПРОПОЗИЦИИ ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО ДЕТСКИ ФУДБАЛ ЗА НАТПРЕВАРУВАЧКАТА 2016/2017 ГОДИНА

Комитет за итност

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1687/1-1
07.10.2016 год

Врз основа на член 58 од Статутот на ФФМ, Комитетот за итност на ФФМ во состав: Илчо Ѓорѓиоски - претседател, Муамед Сејдини -потпретседател и Дејан Димовски - член, на седницата одржана на 07.10.2016 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се утврдува обврска на клубовите чии екипи се натпреваруваат во млади категории, мал и женски фудбал да вршат навремено насочување на натпреварите,определат терен/сала, термин и сатница на одигрување.

2.Секој клуб домаќин кој ќе ја пропушти обврската да го насочи натпреварот и определи терен/сала/,термин и сатница на одигрување на првенствен/куп натпревар од:
- редовно коло до вторник 12 часот во тековната недела;
- вонредно коло или Куп натпревар согласно одлука на органот кој го води натпреварувањето,
сноси дисциплинска одговорност согласно член 85 од ДП на ФФМ.

3. Доколку обврската од точка 2 на оваа одлука, не биде исполнета и во наредните 24 часа:
- органот кој го води натпреварувањето нема да делегира службени лица за тој натпревар,
- екипата домаќин ќе се смета дека неоправдано не се појавила на натпреварот,
- натпреварот ќе се регистрира согласно одредбите на член 80 став 5 од Правилникот за натпреварување на ФФМ со службен резултат во корист на противничката екипа.

4.Органот кој го води натпреварувањето го задржува правото да изврши измена на пријавениот термин и сатница доколку тоа е потребно за одржување на регуларноста на натпреварувањето.

5. Оваа одлука стапува на сила веднаш, истата да се даде на потврдување на наредната седница на Управниот одбор на ФФМ.

6. Одлуката ќе се применува по истекот на 3(три) дена од објавување во службено - информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комитетот за итност на ФФМ на седницата одржана на 07.10.2016 година ја утврди како оправдана потребата на клубовите чии екипи се натпреваруваат

во млади категории и мал фудбал во својство на домаќини да утврдуваат терен и термин на одигрување пред одигрување на наредното коло.

По укажување од страна на Одделението за национални натпреварувања на ФФМ и Комисијата за мал фудбал за потешкотии во постапувањето при ненавремено насочување на натпреварите во овие категории, утврди дека истото влијае на регуларност на натпреварувањето поради што донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-1687/1-1

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

**Број: 08-1605/14**

**Скопје: 21.09.2016 Година**

Text Field

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Младинската комисија на ФФМ против Селими Берат играч на ФК ВЕЛАЗЕРИМИ 77 - Кичево врз основа на Член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 21.09.2016 година донесе:

О Д Л У К А

1 **Селими Берат со ИД 126371 играч на ФК ВЕЛАЗЕРИМИ 77 - Кичево се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 2 (две) првенствени / куп натпревари.**

2 **Казната тече од 19.09.2016 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Младинската комисија на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 5 коло на Втора Кадетска лига 16/17 помеѓу: ФК БЕЛАСИЦА - ФК ВЕЛАЗЕРИМИ 77 одигран на ден 18.09.2016 Година на стадионот во Струмица ја констатира следната фактичка состојба: Селими Берат со ИД 126371 исклучен од игра во 90+2. мин. Неспортско однесување (плукање, вулгарно однесување, спречување очигледна шанса за гол, навреда) .

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**

- ФК ВЕЛАЗЕРИМИ 77 - Кичево
- ФФМ - МАК ФУДБАЛ
- Архивата на ФФМ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Дисциплинската комисија

Претседател

Блерим Бесими с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

**Број: 08-1605/3**

**Скопје: 22.09.2016 Година**

Text Field

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ против Астарџиев Давид играч на ФК ВАРДАР АД - Скопје врз основа на Член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 22.09.2016 година донесе:

О Д Л У К А

1 **Астарџиев Давид со ИД 114960 играч на ФК ВАРДАР АД - Скопје се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 1 (еден) првенствени / куп натпревари.**

2 **Казната тече од 19.09.2016 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 5 коло на Помлада пионерска СУПЕР лига 16/17 помеѓу: ФК БРЕГАЛНИЦА 2008 АД - ФК ВАРДАР АД одигран на ден 18.09.2016 Година на стадионот во Штип ја констатира следната фактичка состојба: Астарџиев Давид со ИД 114960 склучен од игра за два жолти картони (прв во 35. мин, Спречување ветувачка акција, а вториот во 74. мин, Приговор / несогласување).

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**

- ФК ВАРДАР АД - Скопје
- ФФМ - МАК ФУДБАЛ
- Архивата на ФФМ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Дисциплинската комисија

Претседател

Блерим Бесими с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

**Број: 08-1605/5**

**Скопје: 22.09.2016 Година**

Text Field

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ против Антевски Марио играч на ФК СКОПЈЕ - Скопје врз основа на Член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 22.09.2016 година донесе:

О Д Л У К А

1 **Антевски Марио со ИД 113600 играч на ФК СКОПЈЕ - Скопје се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 1 (еден) првенствени / куп натпревари.**

2 **Казната тече од 18.09.2016 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 5 коло на Втора Младинска лига 16/17 помеѓу: ФК ЉУБАНЦИ 1974 Кавадарци - ФК СКОПЈЕ одигран на ден 17.09.2016 Година на стадионот во Кавадарци ја констатира следната фактичка состојба: Антевски Марио со ИД 113600исклучен од игра за два жолти картони (прв во 74. мин, Неспортско однесување, а вториот во 88. мин, Неспортско однесување).

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**

- ФК СКОПЈЕ - Скопје
- ФФМ - МАК ФУДБАЛ
- Архивата на ФФМ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Дисциплинската комисија

Претседател

Блерим Бесими с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

**Број: 08-1605/7**

**Скопје: 22.09.2016 Година**

Text Field

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Младинската комисија на ФФМ против Фетиши Аган играч на ФК ТЕТЕКС АД - Тетово врз основа на Член 42 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 22.09.2016 година донесе:

## О Д Л У К А

1 **Фетиши Аган со ИД 107551 играч на ФК ТЕТЕКС АД - Тетово се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 3 (три) првенствени / куп натпревари.**

2 **Казната тече од 18.09.2016 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Младинската комисија на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 5 коло на Втора Младинска лига 16/17 помеѓу: ФК ХОРИЗОНТ ТУРНОВО АД - ФК ТЕТЕКС АД одигран на ден 17.09.2016 Година на стадионот во Турново ја констатира следната фактичка состојба: Фетиши Аган со ИД 107551склучен од игра во 37. мин. Насилничко однесување (удирање свои или противнички играч) .

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**

- ФК ТЕТЕКС АД - Тетово
- ФФМ - МАК ФУДБАЛ
- Архивата на ФФМ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Дисциплинската комисија

Претседател

Блерим Бесими с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

**Број: 08-1605/9**

**Скопје: 22.09.2016 Година**

Text Field

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Младинската комисија на ФФМ против Ахмедов Ариф играч на ФК ХОРИЗОНТ ТУРНОВО АД - с.Турново, Струмица врз основа на Член 42 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 22.09.2016 година донесе:

О Д Л У К А

1 **Ахмедов Ариф со ИД 109154 играч на ФК ХОРИЗОНТ ТУРНОВО АД - с.Турново, Струмица се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 3 (три) првенствени / куп натпревари.**

2 **Казната тече од 18.09.2016 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Младинската комисија на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 5 коло на Втора Младинска лига 16/17 помеѓу: ФК ХОРИЗОНТ ТУРНОВО АД - ФК ТЕТЕКС АД одигран на ден 17.09.2016 Година на стадионот во Турново ја констатира следната фактичка состојба: Ахмедов Ариф со ИД 109154 исклучен од игра во 37. мин. Насилничко однесување (удирање свои или противнички играч) .

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**

- ФК ХОРИЗОНТ ТУРНОВО АД - с.Турново,
- ФФМ - МАК ФУДБАЛ
- Архивата на ФФМ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Дисциплинската комисија

Претседател

Блерим Бесими с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

**Број: 08-1605/11**

**Скопје: 22.09.2016 Година**

Text Field

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ против Каба Диели играч на ЗФК НОВАЦИ 2005 - Новаци врз основа на Член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 22.09.2016 година донесе:

## О Д Л У К А

1 **Каба Диели со ИД 118108 играч на ЗФК НОВАЦИ 2005 - Новаци се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 1 (еден) првенствени / куп натпревари.**

2 **Казната тече од 18.09.2016 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 5 коло на Втора Кадетска лига 16/17 помеѓу: ФК МАКЕДОНИЈА Ѓ.П 1932 АД - ЗФК НОВАЦИ 2005 одигран на ден 17.09.2016 Година на стадионот во Скопје ја констатира следната фактичка состојба: Каба Диели со ИД 118108 исклучен од игра за два жолти картони (прв во 24. мин, Недозволен старт, а вториот во 57. мин, Неспортско однесување).

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**

- ЗФК НОВАЦИ 2005 - Новаци
- ФФМ - МАК ФУДБАЛ
- Архивата на ФФМ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Дисциплинската комисија

Претседател

Блерим Бесими с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

**Број: 08-1605/13**

**Скопје: 22.09.2016 Година**

Text Field

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ против Бегоски Менис играч на ФК ВЕЛАЗЕРИМИ 77 - Кичево врз основа на Член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 22.09.2016 година донесе:

## О Д Л У К А

1 **Бегоски Менис со ИД 109955 играч на ФК ВЕЛАЗЕРИМИ 77 - Кичево се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 1 (еден) првенствени / куп натпревари.**

2 **Казната тече од 19.09.2016 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 5 коло на Втора Кадетска лига 16/17 помеѓу: ФК БЕЛАСИЦА - ФК ВЕЛАЗЕРИМИ 77 одигран на ден 18.09.2016 Година на стадионот во Струмица ја констатира следната фактичка состојба: Бегоски Менис со ИД 109955 исклучен од игра за два жолти картони (прв во 27. мин, Неспортско однесување, а вториот во 70. мин, Неспортско однесување).

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**

- ФК ВЕЛАЗЕРИМИ 77 - Кичево
- ФФМ - МАК ФУДБАЛ
- Архивата на ФФМ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Дисциплинската комисија

Претседател

Блерим Бесими с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

**Број: 08-1605/17**

**Скопје: 22.09.2016 Година**

Text Field

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ против Трпески Виктор играч на ФК МАКЕДОНИЈА Ѓ.П 1932 АД - Ѓорче Петров,Скопје врз основа на Член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 22.09.2016 година донесе:

О Д Л У К А

1 **Трпески Виктор со ИД 112935 играч на ФК МАКЕДОНИЈА Ѓ.П 1932 АД - Ѓорче Петров,Скопје се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 1 (еден) првенствени / куп натпревари.**

2 **Казната тече од 19.09.2016 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 5 коло на Втора Пионерска лига 16/17 помеѓу: ЗФК НОВАЦИ 2005 - ФК МАКЕДОНИЈА Ѓ.П 1932 АД одигран на ден 18.09.2016 Година на стадионот во Охрид ја констатира следната фактичка состојба: Трпески Виктор со ИД 112935 исклучен од игра за два жолти картони (прв во 39. мин, Недозволен старт, а вториот во 64. мин, Недозволен старт).

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**

- ФК МАКЕДОНИЈА Ѓ.П 1932 АД - Ѓорче
- ФФМ - МАК ФУДБАЛ
- Архивата на ФФМ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Дисциплинската комисија

Претседател

Блерим Бесими с.р

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 08-1605/19

Скопје: 22.09.2016 Година

Text Field

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ против Мурати Ендрит играч на ФК Гоблен Јуниор - Куманово врз основа на Член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 22.09.2016 година донесе:

## О Д Л У К А

1 **Мурати Ендрит со ИД 128556 играч на ФК Гоблен Јуниор - Куманово се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 1 (еден) првенствени / куп натпревари.**

2 **Казната тече од 18.09.2016 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 4 коло на Регионална Пионерска лига 16/17 помеѓу: ФК Гоблен Јуниор - ФК КУМАНОВО ЕУРОСПОРТ-ВАРДАР одигран на ден 17.09.2016 Година на стадионот во Куманово ја констатира следната фактичка состојба: Мурати Ендрит со ИД 128556 исклучен од игра за два жолти картони (прв во 28. мин, Недозволен старт, а вториот во 48. мин, Неспортско однесување).

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**

- ФК Гоблен Јуниор - Куманово
- ФФМ - МАК ФУДБАЛ
- Архивата на ФФМ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Дисциплинската комисија

Претседател

Блерим Бесими с.р

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ против Ибраими Семир играч на КФГ ГОСТИВАР АД - Гостивар врз основа на Член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 22.09.2016 година донесе:

## О Д Л У К А

1 **Ибраими Семир со ИД 104557 играч на КФГ ГОСТИВАР АД - Гостивар се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 1 (еден) првенствени / куп натпревари.**

2 **Казната тече од 16.09.2016 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАКФУДБАЛ.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 1 коло на КУП на РМ за Младинци 16/17 помеѓу: КФГ ГОСТИВАР АД - ФК РЕНОВА АД одигран на ден 15.09.2016 Година на стадионот во Гостивар ја констатира следната фактичка состојба: Ибраими Семир со ИД 104557 исклучен од игра за два жолти картони (прв во 29. мин, Неспортско однесување, а вториот во 29. мин, Неспортско однесување).

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**

- КФГ ГОСТИВАР АД - Гостивар
- ФФМ - МАКФУДБАЛ
- Архивата на ФФМ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Дисциплинската комисија

Претседател

Блерим Бесими с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

# ПРОПОЗИЦИИ

за натпреварување во Втора лига во мал фудбал за натпреварувачката 2016/2017 година

Скопје, септември 2016 година

Врз основа на член 15 став 2 од Правилникот за натпревари, Комитетот за итност на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 19.09.2016 година донесе:

# ПРОПОЗИЦИИ
## ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО ВТОРАТА ЛИГА ВО МАЛ ФУДБАЛ ЗА НАТПРЕВАРУВАЧКАТА 2016/2017 ГОДИНА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Натпреварувањето во Втората лига во мал фудбал е постојано натпреварување на Фудбалската федерација на Македонија.

Со натпреварувањето во Втората лига во мал фудбал раководи Комисија за мал фудбал определена од Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија.

### Член 2

Во натпреварувачката 2016/2017 година Втората лига во мал фудбал брои 10 фудбалски клубови подредени по азбучен редослед.

Бројот на клубови учесници може да се измени со одлука на органот кој го води натпреварувањето.

Списокот на клубови учесници е составен дел на овие Пропозиции.

### Член 3

Натпреварите се играат по Бергеров систем, во два круга.

По завршување на вториот круг првопласираните четири екипи разигруваат (play off) по што се утврдува конечна табела.

Првенствениот натпревар трае 2 x 20 ефективни минути со пауза на полувремето од 15 минути.

Секоја екипа има право на по еден тајмаут во полувреме во траење од 1 минута.

### Член 4

Календарот за натпреварување го носи органот кој раководи со натпреварувањето – Комисијата за мал фудбал на ФФМ а го усвојува Управниот одбор на Фудбалската федерација на Македонија пред отпочнување на есенскиот дел од првенството.

### Член 5

Распоредот на натпреварување се одредува со ждрепка пред почеток на натпреварувањето.

Натпреварувањето во Втората лига во мал фудбал за натпреварувачката 2016/2017 година започнува согласно календарот на натпреварување на 22/23.10.2016 година освен ако со Одлука на надлежно тело истиот не се промени.

### Член 6

За организација на натпревар во Втора лига во мал фудбал (во понатамошниот текст втора лига) е одговорен клубот домаќин.

Секој клуб домаќин има обврска да ги почитува правилата за организирање на натпревар и да се грижи за редот и безбедноста на сите учесници пред, за време и по завршувањето на натпреварот согласно Правилникот за безбедност на ФФМ.

За пропусти во организацијата клубот домаќин одговара согласно одредбите на овие Пропозиции,Правилникот за натпревар и Дисциплинскиот правилник на ФФМ.

**Член 7**

Клубот домаќин во Втората лига е должен да ги исполни неопходните услови предвидени во овие пропозиции во насока на обезбедување на соодветна спортска сала согласно следните критериуми:

1. Терен за игра кој треба да е рамен ,мазен, изработен од дрво или вештачки материјал, со димензии ( должина од 25 - 42 метри, ширина од 15-25 метри)
2. Трибина со најмалку 200 места за седење со два посебни влеза, санитарен дел.
3. Теренот и трибината да се јасно разграничени.
4. Боксови за двете екипи со по 14 места за седење
5. Бокс за службени лица( делегат) со три места за седење
6. Семафор или соодветен часовник за мерење на нужните показатели во случај семафорот да не е во функција на предметниот натпревар.
7. Службени простории(соблекувални) за двете екипи со по 17 места за седење со придружни простории опремени со тушеви и одвоен дел со санитарен чвор
8. Службени простории за:
   - Судии со туш и санитарен чвор
   - Составување на записник со најмалку 7 места за седење

Клубовите имаат обврска пред почеток на натпреварувачката година а најдоцна до закажаниот термин за извлекување парови (ждреб) до Комисијата за мал фудбал на ФФМ да достават известување за користење на домашна и алтернативна спортска сала која ги исполнува критериумите од став 1 на овој член.

Доколку во текот на натпреварувачката сезона клубот домаќин констатира дека пријавената сала за одигрување на натпревари не ги исполнува повеќе условите за одигрување има обврска за истото веднаш да ја извести Комисијата за мал фудбал на ФФМ.

**Член 8**

Клубот домаќин е обврзан:

- натпреварот благовремено да го пријави кај надлежниот орган за безбедност (МВР)
- на сите натпревари да обезбеди присуство на возило за итна медицинска помош со лекарска екипа (најмалку еден лекар и медицински техничар),
- да обезбеди редарска служба/агенција за обезбедување
- да назначи комесар за безбедност или заменик кој ќе присуствува на натпреварот
- да обезбеди присуство на противпожарно возило (за натпревари прогласени за високо ризични),
- да обезбеди присуство на четири лица со медицински носила,
- да не дозволи присуство на гледачи во првиот ред на трибината .

Во случај клубот домаќин да не постапил согласно став 1 алинеа 1 и 2 од овој член натпреварот нема да се одигра и истиот ќе биде презакажан да се одигра во рок од 24 часа.

Трошоците за службените лица како и трошоците за превоз и храна на гостинската екипа (за што гостинската екипа приложува фактура) ги сноси клубот домаќин.

Во случај да клубот домаќин не постапил согласно став 1 алинеа 1 и 2 од овој член и на повторно закажаниот натпревар, натпреварот ќе се регистрира со службен резултат во корист на гостинската екипа а против клубот домаќин се покренува дисциплинска постапка.

**Член 9**

Клубот домаќин како организатор на натпреварот е должен да ги превземе следните активности:

- да обезбеди непречен пристап во салата и службените простории на гостинската екипа и службените лица најмалку 1 час и 30 минути пред почеток на натпреварот.
- да ги пречека гостите и службените лица и истите безбедно да ги смести во службените простории.
- да ги обезбеди возилата на гостите и службените лица, во случај на било какво оштетување штетата мора да ја надомести клубот домаќин во спротивно клубот се предава во постапка пред надлежниот дисциплински орган.
- да се погрижи за хигиената во сите службени простории.
- да се погрижи службените простории при ниски температури да бидат неопходно загреани.
- во санитарните чворови во службените простории да обезбеди топла и ладна вода,
- да обезбеди службен сниматeл на натпреварот.
- да обезбеди разглас и најавувач
- на делегатот на натпреварот пред почеток на натпреварот да му достави доказ дека благовремено натпреварот е пријавен кај надлежниот орган за безбедност (МВР)
- да обезбеди деца за фаќање топки
- да обезбеди 3 топки за одигрување на натпреварот (ист вид).
- да обезбеди лице кое ќе го состави записникот( комет администратор) .

**Член 10**

Во службените простории дозволено е присуство на следниве лица:

- Сите фудбалери заведени во записникот од натпреварот
- Судиите
- Делегатот
- Контролор на судење
- Посебна контрола од органот кој го води натпреварувањето
- Записничарот
- Ополномоштени преставници на двата клуба
- Лекари на двете екипи заведени во записникот
- Физиотерапевти на двете екипи заведени во записникот
- Шефови на стручни штабови на двете екипи
- Тренери на двете екипи заведени во записникот
- Тренери на голманите од двете екипи заведени во записникот
- Комесар за безбедност по процена на делегатот
- Економите на двете екипи
- Претставници на МВР,
- Членови на противпожарна екипа (за натпревари од висок ризик) кои треба да бидат во своето возило во текот на одигрување на натпреварот).
- две технички лица ( електричар и водоводџија) кои не смеат да бидат во оградениот дел од теренот, освен во случај на итност за што мора да се извести и да даде дозвола делегатот на натпреварот).

Освен за фудбалерите и судиите ,клубот домаќин мора да обезбеди видни ознаки за сите останати лица кои задолжително треба да ги носат на себе.

**Член 11**

Во оградениот дел од теренот дозволено е присуство за следниве лица:

- фудбалерите кои настапуваат,
- резервни фудбалери,
- службените лица заведени во записникот од натпреварот,
- фоторепортери со ознаки,

- спикер за разгласот,
- мерач на време,
- претставници на МВР и лекарска екипа,
- економи (кои мораат да бидат во близина на просториите на соблекувалните)

## ЗАПИСНИК

### Член 12

Записникот е службен документ за натпреварот.

Записникот се составува во присуство на делегатот на натпреварот, претставници на двата клуба, судиите, контролорот на судење и посебниот контролор доколку е одреден за тој натпревар.

Првата страна од Записникот се составува еден час пред почетокот на натпреварот.

Во записникот на првата страна со потпис на делегатот, судиите и со потпис на двата преставника од клубовите се потврдува идентитетот на фудбалерите, лекарскиот преглед и правото на настап на фудбалерите, дозволата за работа во соодветните клубови на тренерите.

Се додека првата страна од записникот не ја потпишат двата преставника на клубовите, делегатот и судиите , натпреварот не смее да започне.

Судијата е должен, пред да се состави записникот, да утврди дали теренот е подобен за игра.

Вториот дел од записникот се составува по завршувањето на натпреварот.

Во вториот дел од записникот судијата со потпис го потврдува резултатот, стрелците на головите, опоменатите и исклучените фудбалери, службените лица и инциденти.

Записникот се заклучува во Комет системот од страна на главниот судија веднаш по завршување на натпреварот.

За секое исклучување на натпреварот, судијата има обврска по завршување на натпреварот да даде дополнителна изјава со опис на исклучувањето.

Во случај на технички проблеми Комет администраторот на клубот има обврска да стапи во контакт со Комет администраторот на ФФМ, записникот од натпреварот да го изготви електронски или на друг начин и истиот во оргинална форма да го предаде на делегатот на натпреварот веднаш по завршување на натпреварот.

## СЛУЖБЕНИ ЛИЦА

### Член 13

Секој клуб мора да одреди свој претставник кој ќе го претставува на натпреварот.

Претставникот се легитимира со писмено полномошно кое треба да го стави на увид на делегатот на натпреварот пред почеток на натпреварот.

Претставникот на клубот :

- учествува во утврдувањето на идентитетот на фудбалерите,
- го предава составот на екипата и спортските легитимации на фудбалерите на делегатот еден час пред почетокот на натпреварот,
- по составувањето на првата страна од записникот со свој потпис ги гарантира податоците за својата екипа и одговара за евентуални пропусти.
- извршува и други обврски зададени од делегатот во насока на непречено одигрување на натпреварот.
- претставникот на клубот за времетраење на натпреварот, пред и после натпреварот должен е да носи ознака на која пишува„претставник на клуб".

### Член 14

Натпреварот не може да започне без потребниот број на судии, утврден од Судиската комисија во согласност со правилата на фудбалска игра во мал фудбал.

**Член 15**

За натпреварите од Втората лига, судии и контролори одредуваат овластени лица (комесари) за делегирање на судии односно контролори određени од страна на Судиската комисија на ФФМ.

Судиите својата должност ја извршуваат согласно Правилата на фудбалската игра во мал фудбал и Правилникот за судии и судење на ФФМ.

**Член 16**

Стручниот штаб на екипата е составен од шеф на стручен штаб, 1помошник тренер, 1 тренер на голмани,1 лекар и 1 физиотерапевт .

Здравствената комисија на ФФМ по барање на клубот издава дозвола за работа (лиценца) за лекарот и физиотерапевтот за тековната година.

За водење на екипата на клубот во Втора лига , клубот обезбедува дозвола за работа на својот шеф на стручен штаб од страна на Тренерската комисија на ФФМ.

Дозволата за работа се добива за предметната натпреварувачка година.

Екипата ја води шефот на стручниот штаб а во оправдани случаи за што потврдува Тренерската комисија на ФФМ екипата ја води помошникот тренер доколку ја има потребната лиценца за водење на екипа во Втора лига.

Шефот на стручниот штаб (во негово отуство помошникот тренер) дава напатствија на фудбалерите за време на натпреварот од место однапред определено за таа цел.

За времетраење на натпреварот, односно активната игра, само едно лице од клупата за резервни фудбалери има право има право да го прати натпреварот во стоечка положба.

**Член 17**

Делегат на натпревар е претставник на органот кој раководи со натпреварувањето на предметниот натпревар.

Делегатот го одредува органот кој раководи со натпреварувањето – Комисијата за мал фудбал на ФФМ односно Претседавачот на Комисијата за мал фудбал на ФФМ.

Делегатот на натпреварот мора да пристигне 1 (еден) час и 30 минути пред да започне натпреварот.

**Член 18**

Делегатот ги има следните правата и обврски:

- да утврди дали тренерите и лекарите имаат соодветна дозвола за работа,
- да констатира исправност на спортските легитимации и правото на настап на пријавените фудбалери и да ги предупреди преставниците на клубовите за увидени недостатоци и пропусти;
- да ја утврди присутноста на делегираните службени лица на натпреварот;
- да не дозволи отпочнување на натпреварот доколку има присуство на неслужбени лица во просториите и оградениот дел од теренот, а доколку тоа се случи пред, во текот и по завршувањето на натпреварот, истото да го наведе во записникот или дополнителниот извештај;
- по составувањето на првата страна од записникот да им даде по еден примерок на главниот судија, претставниците на екипите и новинарите;
- по завршување на натпреварот во соработка со судиите и претставниците на клубовите учествува и врши надзор на изготвување на втората страна од записникот.
- по завршување на натпреварот, делегатот има обврска да земе изјава од исклучените, пријавени фудбалери или било кое службено лице како и од главниот судија со опис на исклучувањето и спортска легитимација (доколку исклученото или пријавено лице ја има) и истите да ги достави до надлежните органи на ФФМ заедно со записникот од натпреварот;
- по завршувањето на натпреварот во записникот се произнесува за организацијата на натпреварот и евентуални проблеми, поопширен опис дава во дополнителен делегатски извештај и во рок од 24 часа ги доставува до надлежните органи на ФФМ;

- пред натпреварот да изврши преглед на просториите, игралиштето и оградата на игралиштето и доколку забележи евентуални недостатоци истите да ги евидентира во записник или дополнителниот извештај како и да го извести клубот домаќин за нивно отстранување;

- да следи дали организацијата на натпреварот во целиот тек на натпреварот се одвива согласно Правилникот за натпревари, овие пропозиции и Правилникот за безбедност на ФФМ;

- да воспостави контакт со Комесарот за безбедност на клубот домаќин и со одговорното лице на МВР;

- пред да го состави записникот да утврди дали службените простории се чисти, дали има топла и ладна вода, дали просториите се затоплени ( кога е применливо) дали има електрично осветлување;

- пред да го состави записникот да утврди дали во службените простории, ходниците и оградениот дел од теренот има неслужбени лица и за евентуалните забелешки да ја извести Комисијата за мал фудбал на ФФМ,

- по барање на еден или двата претставника на клубовите или по сопствен наод должен е во нивно и присуство на судиите, на теренот пред отпочнувањето на натпреварот за време на одгрување на натпреварот и најдоцна 15 минути по завршување на натпреварот да изврши поединечна проверка на идентитетот на фудбалерите;

- по барање на претставниците за евентуален неправилен настап на некој фудбалер да јаземе спортската легитимација и истата да ја достави до Комисијата за мал фудбал на ФФМ,

- да утврди дали натпреварот е благовремено пријавен кај надлежниот орган за безбедност (МВР) како и да утврди дали е присутен лекар со лиценца и возило за итна медицинска помош,

- во случај на некоректно навивање од страна на навивачите да интервенира кај претставникот на екипата или комесарот за безбедност на домашната екипа, таквото навивање да престане, доколку се продолжи со неспортско навивање и процени дека е потребно може да побара од главниот судија за определен временски период (имајќи предвид временскиот термин да не дојде до нарушување на одигрувањето на натпреварот) да го запре натпреварот и да побара од претставниците на МВР и домаќинот да се испразни дел од трибината, во повторен потежок случај може да побара од главниот судија да го прекине натпреварот;

- во случај да гостинската екипа носи организирано навивачи, а домаќинот најави дека ќе бара проценување на евентуална направена штета, делегатот во присуство на двајцата претставници има обврска да ја констатира состојбата на трибината каде ќе бидат сместени навивачите (столчиња и друга опрема), пред и по натпреварот и за тоа да се произнесе во записникот,

- да прати кои лица од резервната клупа, за време на натпреварот, неовластено даваат напатствија на фудбалерите за што може да побара од главниот судија истите да ги одстрани од натпреварот без дисциплински последици.

- во случај клубот на записник да не пријави шеф на стручен штаб делегатот има обврска за истото да ја извести Комисијата за мал фудбал на ФФМ за понатамошно постапување.

## ПРАВО НА НАСТАП

### Член 19

На првенствените натпревари право на настап имаат фудбалери кои стекнале право на настап според Правилникот за регистрации, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ.

Право на настап има секој фудбалер кој има соодветен лекарски преглед согласно одредбите на Правилникот за натпревари.

### Член 20

Бројот на фудбалери внесени на записник не може да биде поголем од 14 (четиринаесет) и помал од 5 (пет) фудбалери .

Натпреварот не може да започне доколку во составот на екипата внесени на записник нема 2 фудбалери под 21 година.

Фудбалер под 21 година е фудбалер кој на 15.06.2016 година нема наполнето 21 година.

Секоја екипа настапува со најмногу 5 фудбалери од кои еден е голман.

Натпреварот нема да продолжи доколку за екипата настапуваат помалку од 3 фудбалери.

Во временски период од 48 часа фудбалерите имаат право да настапат на најмногу 3 (три) полувремиња од кои најмногу две полувремиња за период од 24 часа .

### Член 21

Секој клуб има право да изврши измена на фудбалерите во игра со останатите фудбалери внесени на записник.

Бројот на замени кои може да се направат за време на натпревар е неограничен (еден фудбалер може да влегува и излегува неограничено).

Измените можат да се прават во секое време од натпреварот(летечки).

Замената влегува на теренот само откако некој играч кој се заменува ќе излезе.

### Член 22

Фудбалер регистриран да настапува за клуб во мал фудбал може да настапува и за клуб во голем фудбал.

Доколку на фудбалер во мал фудбал кој настапува и за клуб во голем фудбал му е изречена дисциплинска мерка забрана на настап во времетраење од најмалку 1(еден) месец , истиот нема право да настапува и за екипата во голем фудбал.

Доколку на фудбалер во голем фудбал кој настапува и за клуб во мал фудбал му е изречена дисциплинска мерка забрана на настап во времетраење од најмалку 1(еден) месец, истиот нема право да настапува и за екипата во мал фудбал.

## ОПРЕМА

### Член 23

Основната задолжителна опрема на играчите се состои од следните одделни работи:

- Дрес или маица – ако се носи долна облека, бојата на ракавите треба да биде со иста главна боја како ракавот на дресот или маицата
- Шорцеви – ако се носи долна облека под шорцевите, таа треба да има иста главна боја како шорцевите. Голманот смее да носи долги панталони
- Чорапи – бојата на чорапите да биде иста како бојата на дресот ако се применува стегач или сличен материјал надворешно мора да биде со иста боја како тој дел на чорапата на која е нанесен
- Штитници на потколеница
- Обувки – обувки од платно или мека гума за тренинг или гимнастика со гумен ѓон или ѓон од сличен материјал
- Штитници за потколеница треба да бидат:
  *Целосно покриени со чорапи
  *Направени од гума, пластика или сличен одобрен материјал
  *Даваат разумно ниво на заштита

### Член 24

Фудбалерите кои настапуваат на своите дресови мора да ги носат броевите под кои се заведени во записникот од натпреварот и истите можат да бидат од 1 до 99.

Дресовите на екипите и судиите мора да се со различна боја.

Во случај да екипите излезат со иста боја на дресови гостинскиот тим е должен бојата на дресови да ја промени.

Гостинската екипа должна е да носи два пара дресови со различна боја. Доколку гостинската екипа не носи два пара дресови или и двете бои на дресовите не одговараат за одигрување на натпреварот, домаќинот е должен на гостинската екипа да и даде на располагање еден пар дресови со различна боја од онаа во која што ќе настапува домашната екипа (во присуство на делегатот на натпреварот)

Дресовите од претходниот став по завршувањето на натпреварот, гостинската екипа е должна преку својот претставник да ги врати во онолкав број во кој што ги добила од домашната екипа.

**Член 25**

Екипата може по претходна најава на судиите да ја започне играта односно да ја продолжи или заврши играта без голман а голманот по промена на дресот различен по боја од останатите да настапи како фудбалер на истиот натпревар.

Голманот од став 1 на овој член може во текот на играта по претходна најава на судиите да настапува како голман со задолжителна промена на дресот предвиден за голман.

**Член 26**

Која било од замените (резервни фудбалери) може да ги менуваат местата со голманот без да ги информираат судиите или да чекаат прекин во натпреварот, доколку имаат дрес соодветен за голман.

Секој играч може да замени место со голманот.

Играчот кој го менува местото со голманот треба да го стори тоа за време на прекин на натпреварот и треба да ги информира судиите пред да се направи замената.

Еден играч или замена која го заменува голманот треба да носи дрес на голман со неговиот број на задната страна.

## ПОЧЕТОК, СНИМАЊЕ НА НАТПРЕВАР

**Член 27**

Првенствените натпревари се играат како дневни и вечерни и тоа:

Во работен ден натпреварите можат да започнат во периодот од 19,00 – 20,00 часот.

Натпреварите во работен ден можат да се закажат и во друг термин доколку за тоа постои согласност од двете екипи и одобрение од Комисијата за мал фудбал.

Во сабота натпреварите можат да започнат во периодот од 17,00 – 20,00 часот.

Во недела и празничен ден натпреварите можат да започнат во периодот од 12 – 20 часот.

По исклучок органот кој го води натпреварувањето може да определи и друга сатница за одигрување на натпревар.

**Член 28**

Клубот домаќин има обврска да го снима натпреварот.

По барање на гостинскиот клуб да го снима натпреварот, клубот домаќин е должен да обезбеди прегледно и безбедно место на гостинскиот сниманел.

Снимателот од став 1 на овој член има третман на службено лице.

## FAIR PLAY

**Член 29**

Пред почеток на натпреварот, во име на fair-play фудбалерите и службените лица на клубовите на видно место се ракуваат.

## ПОСТАПУВАЊЕ ПО ИСКЛУЧУВАЊЕ НА НАТПРЕВАР

**Член 30**

Секој исклучен фудбалер или отстрането службено лице должно е по завршувањето на натпреварот преку својот претставник на делегатот да му достави писмена изјава.

Претставникот покрај писмената изјава до делегатот ја доставува и спортската легитимација.

Во случај претставникот да е остранет, писмени изјави и спортските легитимации ги доставува капитенот на екипата.

Во случај на постапување спротивно од пропишаното во став 1,2 и 3 од овој член ќе се смета дека исклучените лица се сослушани.

Непостапувањето по став 1 ,2 и 3 на овој член ќе се земе како отежителна околност при изрекувањето на казна.

Исклучен фудбалер и лице кое не е внесено во записникот а е функционер на клубот не смее да се наоѓа во оградениот дел.

Присуството на лицата од претходниот став во оградениот дел од теренот ќе се смета за присуство на неслужбено лице на терен.

## ОДГОВОРНОСТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ

**Член 31**

По завршувањето на натпреварот и составувањето на записникот домаќинот е должен во соработка со Комесарот за безбедност и претставници на органот за безбедност - МВР безбедно да ги испрати гостите и службените лица.

За било каков испад или оштетување на возилата на службените лица и гостинската екипа , клубот домаќин сноси одговорност согласно одредбите на дисциплинскиот правилник.

## ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ КОИ ВЛИЈААТ НА ОДИГРУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРОТ

**Член 32**

Суспендиран или казнет клуб со забрана на одигрување на натпревари на свој терен, натпреварите ќе ги игра на оддалеченост од 100 километри на терен(спортска сала) одобрена за играње од страна на надлежно тело согласно одредбите на Правилникот за инфраструктура и стадиони на ФФМ.

Гостинскиот клуб има право на надомест за направените дополнителни трошоци (само за направената разлика за превозот) со доставување доказен материјал до надлежниот орган за натпреварување кој со одлука ќе го задолжи клубот домаќин за надоместување на направените трошоци.

**Член 33**

На натпревар на кој на клубот домаќин му е изречена дисциплинска мерка одигрување на натпревар без присуство на гледачи, дозволено е присуство на по 10 лица – функционери на двата клуба (домаќин и гостин - ) со список, мерач на време, снимателите на натпреварот и новинарите.

Присуство на редари на овие натпревари не е дозволено.

**Член 34**

Во случај да надлежен орган донесе одлука за преигрување на прекинат натпревар, изречените опомени и црвени картони не се бришат.

## ОРГАН НА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

**Член 35**

Сите натпревари во прв степен ги регистрира Комисијата за мал фудбал на ФФМ како орган кој го води натпреварувањето.

Еднаш регистриран натпревар истиот орган нема право повторно да го регистрира.

Исклучок од правилото од став 2 на овој член е постапување на првостепениот орган во жалбена постапка.

**Член 36**

Комисијата пласманот на табелата го утврдува по бод систем согласно Правилникот за натпревари.

Екипа која ќе победи на натпреварот добива 3 (три) бода, кога натпреварот ќе заврши нерешено двете екипи добиваат по 1 (еден) бод, за загубен натпревар не се добива ниеден бод.

Пласманот на табелата се утврдува со бројот на освоените бодови.

Комисијата за мал фудбал по секое коло изготвува табела на натпреварувањето која содржи

- број на екипи
- број на одиграни натпревари
- број на победени натпревари
- број на нерешени натпревари
- број на изгубени натпревари
- број на дадени голови
- број на примени голови
- број на освоени бодови.

Табелата се објавува во Билтен на Комисијата и се доставува до клубовите по електронска пошта.

По одигрување на двата круга се прави табела согласно став 2 од овој член која претставува појдовна точка за одигрување на play off.

На крајот на натпреварувачката година по завршување на play off натпреварувањето Комисијата утврдува конечна табела и ја објавува во службеното гласило на Фудбалската федерација на Македонија "Макфудбал".

**Член 37**

Комисијата за мал фудбал:

- раководи со натпреварувањето во согласност со Правилникот за натпреварување на ФФМ, овие пропозиции како и други акти на ФФМ
- ги спроведува одлуките на Управниот одбор на ФФМ
- го утврдува календарот за натпреварување
- го утврдува распоредот на натпреварите
- ги регистрира натпреварите и одлучува по сите приговори и жалби на одиграните натпревари во прв степен
- води евиденција на опоменати и исклучени фудбалери
- одлучува по барања на клубови за промена на термин и време на одигрување на натпревар
- може да изрече суспензија на терен во случаи предвидени со Дисциплинскиот правилник.
- може да изрече суспензија на терен по предлог на Телото за инфраструктура
- го прати и анализира системот на натпреварување и предлага негови измени и дополнувања.
- ги одредува делегатите на натпреварите, ја прати и анализира нивната работа.
- извршува и други работи по препорака на УО на ФФМ
- изрекува автоматски казни

**АВТОМАТСКИ КАЗНИ**

**Член 38**

Комисијата за мал фудбал ќе му изрече автоматска парична казна во висина од 250 евра во денарска противвредност на клубот домаќин доколку не му дозволи на снимателот на гостинската екипа да го снима натпреварот.

**Член 39**

Доколку по завршувањето на натпреварот во присуство на преставниците на клубовите и делегатот , клубот домаќин не му достави на делегатот службен аудио-видео запис од натпреварот (DVD диск) на клубот домаќин ќе му изрече автоматска парична казна во висина од 250 евра во денарска противвредност .

Автоматската парична казна од став 1 на овој член ќе му се изрече на клубот домаќин и доколку натпреварот не е снимен во континуитет а посебно во инцидентните моменти.

**Член 40**

Комисијата за мал фудбал ќе му изрече автоматска парична казна на клубот домаќин во висина од 150 евра во денарска противвредност доколку се помести оградата која го одделува теренот од трибината пред и за време на натпреварот.

**Член 41**

Комисијата за мал фудбал ќе му изрече автоматска парична казна на клубот домаќин во висина од 150 евра во денарска противвредност доколку во првиот ред на трибините има присутни гледачи .

**Член 42**

Во случај делегатот да констатира во дополнителниот делегатски извештај дека во текот на натпреварот од страна на неовластени лица се уфрлуваат топки на теренот односно се попречува играта на друг начин со користење ласери, пиротехнички средства, симулирање судиска свирка и слично, клубот домаќин ќе биде казнет со автоматска парична казна во висина од 150 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

**Член 43**

На клубот чиј фудбалер за време на натпреварот добие директен црвен картон освен временската казна која му се изрекува од страна на Дисциплинската комисија на фудбалерот согласно одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Комисијата за мал фудбал му изрекува и автоматска парична казна во висина од 50 евра.

На клубот чиј фудбалер за време на натпреварот добие црвен картон поради втор жолт картон освен временската казна која му се изрекува на фудбалерот од страна на Дисциплинската комисија согласно одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Комисијата за мал фудбал му изрекува и автоматска парична казна во висина од 25 евра.

**Член 44**

За секој добиен жолт картон на фудбалерот на клубот му се изрекува автоматска парична казна во зависност од бројот на добиените картони како следи:

| | евра |
|---|---|
| Прв жолт | 1 |
| Втор жолт | 2 |
| Трет жолт | 3 |
| Четврт жолт | 4 |
| Петти жолт | / |

Фудбалерот кој добил (5) пет жолти картони, ќе ја издржи автоматската казна забрана на играње од еден натпревар во следното коло.

**Член 45**

Комисијата за мал фудбал ќе му изрече автоматска парична казна на клубот чие службеното лице е одстрането од натпреварот или пријавено на записник од страна на судијата или делегатот - контролор на натпреварот во висина од 50 евра во денарска противвредност .

Изречената автоматска парична казна се изрекува независно од дисциплинската мерка предвидена за истиот прекршок во Дисциплинскиот правилник на ФФМ

**Член 46**

За доцнење на почетокот на натпреварот се изрекуваат казнени бодови.

На клубот кој ќе направи 100 казнени бода, Комисијата за мал фудбал ќе му изрече автоматска парична казна во висина од 100 евра.

Доцнењето до 15 минути не влегува во пресметувањето на казнените бодови.

Доцнењето на повеќе од 15 минути влегува во пресметката за казнени бодови за сите задоцнети минути.

**Член 47**

Комисијата за мал фудбал ќе му изрече автоматска парична казна во висина од 125 (стодваесетипет) евра во денарска противвредност на денот на уплатата на клубот кој не внел на записник најмалку 5 фудбалери.

**Член 48**

Комисијата за натпревари ќе му изрече автоматска парична казна на клубот во висина од 50(педесет) евра во денарска противвредност на денот на уплатата доколку

- не обезбеди најмалку четири лица со медицински носила
- комесарот за безбедност или негов заменик не присуствува на натпреварот
- не обезбеди разглас и најавувач
- не обезбеди 3 топки за одигрување на натпреварот (ист вид)
- не обезбеди деца за фаќање топки
- не обезбеди комет администратор за составување на записник
- доколку не ги обележи јасно и еднолично фоторепортерите, новинарите и редарите (обезбедување)

**Член 49**

На клубот кој не создал услови за изготвување и заклучување на записникот во комет системот веднаш по завршување на натпреварот ,комисијата за мал фудбал ќе му изрече автоматска парична казна во висина од 50(педесет) евра.

## ПОСТАПКА ПО ЖАЛБА

**Член 50**

По завршување на натпреварот незадоволната страна преку својот претставник може да најави жалба во рок од 24 часа по одигрувањето на натпреварот со телеграма, е-маил односно да постапи согласно одредбите од Правилникот за натпревари.

Заинтересиран клуб има право во рок од 48 часа по одигрувањето на натпреварот да достави жалба со образложение.

Сите жалби во два примерока со образложение мора да се достават до надлежниот орган за натпреварување со уредно уплатена пропишана такса во рок од 72 часа од денот на одигрување на натпреварот.

Жалбите доставени надвор од предвидениот рок од 72 часа како и жалбите за кои не е уплатена предвидената такса не се земаат во постапка.

По жалбата во прв степен органот за натпреварување мора да донесе одлука во рок од 8 дена од денот на приемот на жалбата.

Еден примерок од жалбата органот за натпреварување мора да достави до обжалената страна која по жалбата треба да се произнесе во рок од два дена од приемот.

Донесената одлука органот за натпреварување ја објавува во службеното гласило „Макфудбал" и ја доставува до засегнатите страни.

**Член 51**

Во последните три кола од првенството или во случај кога по распоредот се игра вонредно коло, роковите за жалби се скратуваат од 8 на 3 дена.

Поради итност во постапувањето, органот на натпреварување може да утврди и пократок рок.

**Член 52**

Доколку прво степениот орган не се произнесе по наводите на жалбата во рок од 8 дена од денот на приемот на жалбата се смета дека жалбата е одбиена како неоснована.

**Член 53**

Незадоволната страна од донесената првостепена одлука има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од три (3) дена од приемот на одлуката донесена од првостепениот орган со уплата на пропишана такса.

Незадоволната страна од недонесената првостепена одлука има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3 дена по истекот на рокот предвиден во член 46 од овие Пропозиции со уредно уплатена пропишана такса.

Комисијата за жалби одлуката мора да ја донесе во рок од осум дена од денот на приемот на жалбата упатена на одлучување во втор степен.

Одлуката на Комисијата за жалби е конечна.

Второ степената одлука мора да се објави во службеното гласило на ФФМ „Макфудбал" и да се достави до засегнатите страни.

**Член 54**

Доколку во рок од осум дена од денот на доставувањето на второ степената жалба Комисијата за жалби не одлучува ќе се смета дека жалбата е одбиена како неоснована.

## КРИТЕРИУМИ ЗА УЧЕСТВО ,ВЛЕЗ И ИСПАЃАЊЕ ОД ЛИГАТА

**Член 55**

Со право да учествува во Втората фудбалска лига се стекнува фудбалски клуб кој ги исполнил спортските критериуми ( утврден пласман на табела), новорегистриран фудбалски клуб (екипа) во мал фудбал согласно актите на ФФМ.

**Член 56**

Клубовите учесници во Втората фудбалска лига за натпреварувачката 2016/2017 година задолжително плаќаат котизација за натпреварување во висина од 20000,00 (дваесетилјади) денари.

Износот одреден за котизација од став 1 на овој член се плаќа наследниот начин:

- пред почеток на есенскиот дел од натпреварувањето се уплаќа износ во висина од 15000,00 денари.
- пред почеток на пролетниот дел од натпреварувањето се уплаќа износ во висина од 5000,00 денари

Котизацијата ги покрива изречените парични автоматски и парични казни изречени во постапка од страна на органот кој го води натпреварувањето и Дисциплинската комисија на ФФМ.

Во случај да износот уплатен на има котизација стане недоволен за подмирување на изречените мерки од став 3 на овој член, Комисијата за мал фудбал носи одлука со која го задолжува клубот да изврши дополнителна уплата.

Доколку клубот не постапи во определниот рок со одлуката на Комисијата за мал фудбал на истиот ќе му биде изречена суспензија.

Во врска со став 2,3 и 4 од овој член Комисијата за мал фудбал во соработка со финансовата служба на ФФМ по завршување на натпреварувачката година доставува до клубовите конечна пресметка.

ФФМ го задржува правото за измена на висината на котизацијата.

**Член 57**

Трошоците за исплата на налози за службени лица за натпреварување во мал фудбал за натпреварувачката 2016/2017 година ги сноси ФФМ.

**Член 58**

Првопласираната екипа се стекнува со право за директно учество во Првата лига во наредната натпреварувачка година.

Второ и трето пласираната екипа игра по еден бараж натпревар за пополнување на две места во Првата лига и тоа:

- второпласираната екипа од Втората лига во мал фудбал се стекнува со право да игра бараж натпревар со девето пласираната екипа од Првата лига на неутрален терен за пополнување на едно место во Првата лига.
- третопласираната екипа од Втората лига во мал фудбал се стекнува со право да игра бараж натпревар со осмо пласираната екипа од Првата лига на неутрален терен за пополнување на едно место во Првата лига.

Доколку првопласираната /второпласираната екипа/третопласираната од Втората лига во мал фудбал се откаже (или е дисквалификувана) со право за директно учество/ учество во бараж се стекнува наредно пласираната екипа.

**Член 59**

Победникот на натпреварувањето освојува пехар кој се доделува после освојување на првенството.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 60**

За се што не е предвидено со овие пропозиции се применуваат одредбите од Правилникот за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија како и другите применливи прописи на ФФМ, УЕФА и ФИФА.

**Член 61**

Овие пропозиции стапуваат на сила со денот на усвојување од страна на Комитетот за итност.

Одлуката за нивно усвојување се потврдува на првата наредна седница на Управниот одбор на ФФМ.

Пропозициите се објавуваат во стручно-информативниот гласник на ФФМ „Макфудбал".

**Член 62**

Толкување на овие пропозиции дава Управниот Одбор на Фудбалската Федерација на Македонија.

Претседател,

ИлчоЃорѓиоски

Скопје
19.09.2016 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# ПРОПОЗИЦИИ

## за натпреварување во детски фудбал за натпреварувачката 2016/2017 година

Скопје, септември, 2016 година

Врз основа на член 58 од Статутот на ФФМ а во врска со член 15 и 128 став 2 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, Комитетот за итност на Фудбалската Федерација на Македонија на состанокот одржан на 19.09.2016 година донесе:

# ПРОПОЗИЦИИ
## ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО ДЕТСКИ ФУДБАЛ ЗА НАТПРЕВАРУВАЧКАТА 2016/2017 ГОДИНА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Натпреварувањето во детски фудбал е непостојано ,неофицијално натпреварување во кое учество земаат деца од 7 - 12 години независно од полот.

Со натпреварувањето во детски фудбал раководи надлежно тело за детски фудбал сочинето од 7(седум) координатори определени од Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија за натпреварувачката 2016/17 година.

Со право да учествува се стекнува фудбалски клуб - член на ОФС, кој благовремено согласно доставена информација на веб страната на ФФМ, поднел пријава за учество на екипа во детски фудбал во соодветниот регион.

Пријавата за учество се превзема од веб страната на ФФМ.

### Член 2

Во натпреварувачката 2016/2017 година натпреварувањето во детски фудбал се одвива регионално, независно од регионалната поделеност на ОФС во ФФМ и тоа:

- Северен регион кој ги опфаќа ОФС Г.Баба,ОФС К.Вода, ОФС Куманово и ОФС Скопје, ОФС Липково и ОФС Кратово
- Западен регион кој ги опфаќа ОФС Тетово и ОФС Гостивар
- Југозападен регион кој ги опфаќа ОФС Струга, ОФС Охрид и ОФС Кичево
- Источен регион кој ги опфаќа ОФС Кочани и ОФС Пробиштип,
- Југоисточен регион кој ги опфаќа ОФС Валандово, ОФС Струмица и ОФС Гевгелија
- Централен регион кој ги опфаќа ОФС Неготино, ОФС Свети Николе, ОФС Штип, ОФС Кавадарци и ОФС Велес
- Преспанско-пелагониски кој ги опфаќа ОФС Битола, ОФС Демир Хисар, ОФС Прилеп и ОФС Македонски Брод и ОФС Ресен

### Член 3

Во натпреварувачката 2016/2017 година, натпреварувањето во детски фудбал се одвива во еден степен во повеќе возрасни категории кои опфаќаат деца на возраст од 7(седум) – 12 (дванаесет)години.

При формирањето на екипи во детски фудбал , фудбалските клубови како критериуми ги земаат во предвид:

- возраста на учесниците независно од полот
- димензиите на фудбалскиот терен
- број на учесници
- времетраењето на натпреварот

### Член 4

Натпреварувањето се одвива во лиги по возрасна категорија.

Бројот на екипите во определена лига не може да биде помал од 6(шест) и поголем од 12(дванаесет).

Доколку во регионите има интерес за натпреварување на повеќе од 12 екипи од предметната категорија, во рамките на регионот може да се формираат две лиги(а и б) од иста категорија.

Пријавите за учество со назнака за кој регион се пријавуваат учесниците се превземаат на веб страната на ФФМ.

Списокот на екипи учесници по категории е составен дел од овие пропозиции.

Услов за пријавување на екипа во соодветната категорија е на денот на поднесувањето на пријавата да има регистрирано во Комет системот најмалку:

- 6 фудбалери родени 2009 година за категорија деца од 7 години
- 6 фудбалери родени 2008 година за категорија деца од 8 години
- 9 фудбалери родени 2007 година за категорија деца од 9 години
- 9 фудбалери родени 2006 година за категорија деца од 10 години
- 9 фудбалери родени 2005 година за категорија деца од 11 години
- 10 фудбалери родени 2004 година за категорија деца од 12 години

**Член 5**

Натпреварите се играат во две полусезони(есен-пролет), по Бергеров систем, во два три или четири круга (дома-гости) во зависност од пријавените екипи.

Во зависност од пријавените екипи се играат од 15 до 27 кола во сезона.

**Член 6**

Натпреварување во детски фудбал се организира по категории во зависност од возраста на учесниците во играта и може да биде:

- натпреварување за деца од 7 и 8 години (2009 и 2008)
- натпреварување за деца 9 години (2007)
- натпреварување за деца од 10 години (2006)
- натпреварување за деца од 11 години (2005)
- натпреварување за деца од 12 години (2004)

**Член 7**

Натпреварувањето за деца од 7 и 8 години претставува натпреварување во кое учествуваат деца родени 2009 и 2008 година односно деца кои на денот на натпреварот имаат наполнето 7(седум) години.

Натпреварот се игра на терен со димезии кои изнесуваат најмалку 1/8 од димензиите на терен предвидени со Правилникот за натпревари на ФФМ за фудбал а

Во играта учествуваат по **5** учесници од двете страни.

Натпреварот трае 2 х 20 минути со пауза на полувремето од 10минути.

**Член 8**

Натпреварувањата за деца од 9,10 и 11 години претставуваат натпреварувања во кои учествуваат деца родени 2007, 2006 и 2005 година.

Натпреварот се игра на терен со димезии кои изнесуваат најмалку 1/4 од димензиите на терен предвидени со Правилникот за натпревари на ФФМ за фудбал.

Во играта учествуваат по **8** учесници од двете страни.

Натпреварот трае 2 х 25 минути со пауза на полувремето од 15 минути.

И покрај истите услови за одигрување на натпреварот, натпреварувањето се одвива за секоја категорија посебно.

## Член 9

Натпреварувањето за деца од 12 години претставува натпреварување во кое учествуваат деца родени 2004 година.

Натпреварот се одигрува на терен со димезии кои изнесуваат најмалку 1/2 од димензиите на терен предвидени со Правилникот за натпревари на ФФМ за фудбал .

Во играта учествуваат по **8** учесници од двете страни.

Натпреварот трае 2 x 30 минути со пауза на полувремето од 15 минути.

## Член 10

Календарот за натпреварување го носи органот кој раководи со натпреварувањето-надлежно тело за детски фудбал на ФФМ а го усвојува Управниот одбор на Фудбалската федерација на Македонија.

## Член 11

Распоредот на натпреварување се одредува со жрепка пред почеток на натпреварувањето.

Натпреварувањето во детски фудбал за натпреварувачката 2016/2017 година започнува согласно календарот на натпреварување не подоцна од 25.09.2016 година во зависност од регионот и бројот на пријавени екипи, освен ако со одлука на надлежно тело истиот не се промени.

## Член 12

За организација на натпревар во детски фудбал е одговорен клубот домаќин односно клубовите кои се појавуваат како домаќини согласно распоредот за натпреварување во соодветното коло доколку колото се одигрува на еден терен во еден односно два дена.

Клубот/овите домаќини има обврска да ги почитуваат правилата за организирање на натпревар и да се грижат за редот и безбедноста на сите учесници пред, за време и по завршувањето на натпреварите.

За пропусти во организацијата од кои произлегуваат последици по здравјето и безбедноста на учесниците, клубот/ /овите домаќини одговараат согласно овие пропозиции, Правилникот за натпревари и Дисциплинскиот правилник на ФФМ.

## Член 13

Клубот домаќин во детските лиги е должен да ги исполни неопходните услови во насока на обезбедување на соодветен терен и пропратни објекти со минимум 4 простории од кои 2 соблекувални за екипите, 1 соблекувална за судиите, 1 просторија во која ќе се изготвува записник.

Клубот/вите домаќини во соработка со координаторот за детски фудбал во регионот во кој се натпреваруваат вршат избор на терени каде ќе се одигруваат натпреварите по кола.

За изборот на терени се известува телото кое раководи со натпреварувањето.

## Член 14

Клубот/овите домаќини се обврзани:

- натпреварот/ите благовремено да ги пријават кај надлежниот орган за безбедност (МВР).
- на сите натпревари да обезбедат присуство на возило за потребите на итна медицинска помош.
- да обезбедат лекар со лиценца за интервенција на натпревар во случај на повреда на фудбалер.
- да обезбедат присуство на четири лица со медицински носила.
- да обезбедат редарска служба

Во случај клубот/овите домаќини да не постапиле согласно став 1 алинеа 1 ,2 и 3 од овој член, натпреварот нема да се одигра и истиот ќе се регистрира со службен резултат во корист на гостинската екипа.

## Член 15

Клубот домаќин како организатор на натпреварот е должен да ги превземе следните активности:

- да ги пречека гостите и службените лица и истите безбедно да ги смести во службените простории.
- да ги обезбеди возилата на гостите и службените лица,
- да се погрижи за хигиената во сите службени простории,
- да се погрижи службените простории при пониски температури да бидат загреани.
- во санитарните чворови во службените простории да обезбеди проточна вода за лична хигиена,
- на координаторот во регионот пред почеток на натпреварот/ите да му достави доказ дека натпреварот/ите благовремено се пријавени кај надлежниот орган за безбедност (МВР),
- да обезбеди 3 топки за одигрување на натпреварот .
- да обезбеди лице кое ќе го состави записникот/ците

## Член 16

Во службените простории дозволено е присуство на следниве лица:

- Сите фудбалери заведени во записникот од натпреварот
- Судиите
- Координаторот на регионот
- Записничарот
- Ополномоштени преставници на клубовите
- Лекари на екипите заведени во записникот
- Физиотерапевти на екипите заведени во записникот
- Тренери на екипите заведени во записникот
- Економите на екипите
- Претставници на МВР по процена на координаторот

## Член 17

Во оградениот дел од теренот дозволено е присуство за следниве лица:

- фудбалерите кои настапуваат,
- резервни фудбалери,
- службените лица заведени во записникот од натпреварот,
- фоторепортери со ознаки,
- деца за фрлање топки еднообразно облечени во дресови или тренерки,
- претставници на МВР и лекарска екипа
- економи (кои мораат да бидат во близина на просториите на соблекувалните)

Во оградениот дел од теренот забрането е присуство на други лица освен наведените, независно дали се работи за гледачи или родители на децата како гледачи.

## Член 18

Клубот/овите домаќини на натпреварите / каде е применливо/ задолжително обезбедуваат:

- знаменца за помошните судии со димензии: дршка со димензија од 75 сантиметри, платно со димензија 30 x 40 сантиметри со жолта или портокалова боја.
- на повеке места покрај надолжната линија вода за освежување на фудбалерите.

## ЗАПИСНИК

**Член 19**

Записникот е службен документ за натпреварот.

Записникот се составува во присуство на претставници на клубовите и судијата.

При составување на записникот/ците може да присуствува и регионалниот координатор.

Првата страна од Записникот се составува најдоцна 30 минути пред почетокот на натпреварот/ите од страна на записничарот.

Во записникот на првата страна со потпис на двата преставника од клубовите и судијата се потврдува идентитетот на фудбалерите и лекарскиот преглед на фудбалерите.

Приговор во однос на идентитетот и лекарскиот преглед се евидентира во записникот од натпреварот.

Судијата во записникот утврдува дали теренот е подобен за игра

Вториот дел од записникот се составува по завршувањето на натпреварот.

Во вториот дел од записникот судијата со потпис го потврдува резултатот, стрелците на головите и евентуални инциденти.

По завршување на натпреварот записникот се доставува до регионалниот координатор кој записникот го проследува до надлежното тело за детски фудбал.

## СЛУЖБЕНИ ЛИЦА НА КЛУБ И НАТПРЕВАР

**Член 20**

Секој клуб мора да одреди свој претставник кој ќе го претставува на натпреварот.

Претставникот се легитимира со писмено полномошно кое треба да го стави на увид на судијата на натпреварот пред почеток на натпреварот.

Претставникот на клубот :

- учествува во утврдувањето на идентитетот на фудбалерите,
- го предава составот на екипата и спортските легитимации на фудбалерите на судијата пред почетокот на натпреварот,
- ги гарантира податоците за лекарскиот преглед на својата екипа и одговара за евентуални пропусти.

**Член 21**

Стручниот штаб на екипата е составен од тренер, помошник тренер, лекар и физиотерапевт .

Екипата на натпревар ја води тренерот.

**Член 22**

Натпреварот не може да започне без главен судија за категории на натпреварувања на фудбалери од 7 до 12години.

Судиите како службени лица на натпреварот ги одредува регионалниот координатор во соработка со Судиската комисија на ОФС кој ја опфаќа територијата каде што се одигрува/ат натпреварот/ите.

Судиите својата функција ја извршуваат согласно овие пропозиции и актите на ФФМ.

Трошоците за службените лица на натпреварот се на терет на клубот домаќин.

**Член 23**

Во натпреварувањата од детски фудбал функцијата делегат ја врши главниот судија на натпреварот.

**Член 24**

Во натпреварувањата од детски фудбал кога колото се одигрува на еден/два терени во еден или два дена , клубовите домаќини определуваат едно лице кое има функција да ги

организира и координира предметните натпревари и за истото го известуваат регионалниот координатор .

**Член 25**

Судијата/иите во придружба на определеното лице за организатор на предметното коло кое се одигрува на еден/два терени во еден/два дена, како и во соработка со регионалниот координатор (доколку е применливо) утврдува постоење на услови за одигрување на натпреварот и тоа:

- подобност на теренот
- присуство на неслужбени лица во службените простории и оградениот дел на теренот.
- преглед на просториите, игралиштето, оградата на игралиштето, реквизити неопходни за одигрување на натпревари по генерации и доколку забележи евентуални недостатоци за истите го известува организаторот за нивно отстранување
- присуство на соодветно обезбедување/редарска служба/претставници на МВР

**Член 26**

По завршувањето на натпреварот судијата во записникот се произнесува за организацијата на натпреварот и записникот го доставува до регионалниот координатор.

**ПРАВО НА НАСТАП**

**Член 27**

Во натпреварувањата во детски фудбал право на настап имаат фудбалери кои стекнале право на настап според Правилникот за регистрации, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ со ИД број верификуван во КОМЕТ.

Не се ограничува бројот на фудбалери за настап во <u>една</u> повозрасна категорија од онаа во која согласно возраста припаѓаат.

Најмногу 2(два) фудбалера имаат право да настапат за екипа која се натпреварува во <u>две</u> повозрасни категории.

Фудбалерите од женски род (девојчиња) можат да настапуваат и за една категорија помлада/пониска од онаа во која согласно возраста припаѓаат.

Лекарскиот преглед за секоја категорија важи 4(четири) месеци.

Лекарскиот преглед го врши лице определно со Правилникот за натпреварување на ФФМ.

**Член 28**

Во временски период од 48 часа фудбалерите имаат право да настапат на најмногу 3 (три) полувремиња од кои најмногу 2(две) во 24 часа.

**Член 29**

Фудбалерите кои настапуваат на своите дресови мора да ги носат броевите под кои се заведени во записникот од натпреварот и истите можат да бидат од 1 до 99.

Дресовите на екипите и судиите мора да се со различна боја.

Во случај да екипите излезат со иста боја на дресови гостинскиот тим е должен да ја промени бојата на дресови или да стави маркери со броеви во различна боја од бојата на дресовите на противничката екипа.

**Член 30**

Правото на замена на фудбалери не е ограничено.

Фудбалерот кој е заменет нема право повторно да влезе во игра освен во натпреварувањата за деца од 7 и 8 години каде измените се т.н. „летечки измени“.

### Член 31

Натпреварите во детски фудбал се играат како дневни.

## ЈАВНИ ОПОМЕНИ И ПОСТАПУВАЊЕ ПО ИСКЛУЧУВАЊЕ НА НАТПРЕВАР

### Член 32

Фудбалер кој е исклучен за време на натпревар кој не се одигрува на цел терен не е предмет на дисциплинска одговорност.

Фудбалерите од став 1 за сторен прекршок на натпревар за кој добиле црвен картон се исклучуваат на следниот начин:

- за натпреварување во категорија на фудбалери од 2004-та – исклучување во траење од 10(десет) минути
- за натпреварување во категорија на фудбалери од 2005-та – исклучување во траење од 8(осум) минути
- за натпреварување во категорија на фудбалери 2006-та – исклучување во траење од 6(шест)минути
- за натпреварување во категорија на фудбалери од 2007-ма- исклучување во траење од 4 (четири) минути
- за натпреварување во категорија на фудбалери од 2008-ма и категорија на фудбалери од 2009-та – исклучување во траење од 2(две) минути
-

Фудбалерот се враќа во игра на знак на судијата.

### Член 33

Последиците од изречените жолти картони важат само за време на одигрување на натпреварот.

Со изречени два жолти картони фудбалерот ја напушта играта согласно правилата за изречен црвен картон по категории.

## ОРГАН НА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

### Член 34

Сите натпревари ги регистрира надлежно тело за детски фудбал на ФФМ како орган кој го води натпреварувањето во детски фудбал.

Надлежното тело за детски фудбал е составено од регионалните координатори.

Доколку координаторот не е во можност да присуствува на состанокот на телото за детски фудбал, по претходна најава, на состанокот може да присуствува заменик координаторот за тој регион.

### Член 35

Надлежното тело за детски фудбал го утврдува конечниот пласман по финалниот турнир го во зависност од категоријата натпреварувачи.

### Член 36

Во натпреварувањето за деца од 12 години пласманот се утврдува по бод систем

Екипа која победи на натпреварот добива 3 (три) бода, кога натпреварот ќе заврши нерешено двете екипи добиваат по 1 (еден) бод, за загубен натпревар не се добива ниеден бод.

Пласманот на табелата се утврдува со бројот на освоените бодови за освоено прво место.

Доколку пласманот е и понатаму еднаков во предвид се зема редоследно:

- гол разлика
- повеќе постигнати голови
- ждреб

Со право на учество на завршниот турнир се здобиваат екипите пласирани од 1 до 4 место.

**Член 36-А**

Во натпреварувањата за деца од 11,10, 9, 8 и 7 години до завршниот турнир не се води табела.

Право на учество на завршниот турнир во регионот имаат сите екипи кои одиграле најмалку 90 % од предвидените натпревари.

**Член 37**

Во секој **регион**,

- екипите до 12 години согласно остварениот пласман до четврто место по последниот круг, учествуваат во завршен турнир кој го организира регионот.

Доколку екипа која се пласирала до четврто место писмено го откаже понатамошното учество, на турнирот учествува наредно пласираната екипа.

- Екипите од натпреварувањата за деца од 7-11 години за кои не се води табела учествуваат директно во завршниот турнир во зависност од категоријата доколку одиграле најмалку 90 % од предвидените натпревари.

-Натпреварите на завршните турнири се играат по систем на елиминација (еднострук куп систем), при нерешен резултат се пристапува кон изведување на пенали.

**Член 38**

Победниците на завршните турнири по региони учествуваат на **финален турнир** на ФФМ за секоја категорија поединечно.

Натпреварите на финалниот турнир се играат по систем на елиминација, при нерешен резултат се пристапува кон изведување на пенали.

Паровите во финалните турнири се одредуваат по пат на ждрепка.

Победникот на финалниот турнир на ФФМ е освојувач на пехарот во определената категорија.

За освоено прво ,второ и трето место екипите добиваат пехар и медали.

За освоено четврто место екипата добива пехар и дипломи.

**Член 39**

Надлежното тело за детски фудбал изготвува табела на натпреварувањето согласно начинот за одредување пласман на табелата во натпреварувачката категорија до 12 години и истата соодветно содржи:

- број на екипи
- број на одиграни натпревари
- број на победени натпревари
- број на нерешени натпревари
- број на изгубени натпревари
- број на дадени голови
- број на примени голови
- број на освоени бодови.

По одигрувањето на финалниот турнир Комисијата утврдува конечна табела по категории и истата ја објавува во службеното гласило на Фудбалската федерација на Македонија "Макфудбал".

**Член 40**

Надлежното тело за детски фудбал:

- раководи со натпреварувањето во согласност со овие пропозиции како и други акти на ФФМ.
- го утврдува календарот за натпреварување ,

- го утврдува распоредот на натпреварите,
- предлага Пропозиции,
- ги регистрира натпреварите и одлучува по сите приговори и жалби на одиграните натпревари,
- води евиденција на опоменати и исклучени фудбалери /каде што е применливо/,
- одлучува по барања на клубови за промена на термин и време на одигрување на натпревар,
- по исклучок може да изрече суспензија на терен,
- ги спроведува одлуките на Управниот одбор на ФФМ
- извршува и други работи по препорака на УО на ФФМ

Одлуките на надлежното тело за детски фудбал во врска со натпреварувањето се конечни.

Доколку натпреварите кои надлежното тело ги одложило од оправдани причини не се одиграат до последното коло на тековната полусезона ќе се сметаат за неодиграни.

**Член 41**

Натпреварот на кој ќе настапи:

- фудбалер без или со истечен лекарски преглед,
- фудбалер од повозрасна за помлада категорија , односно ќе настапи фудбалер кој немал право на настап на тој натпревар за таа екипа ќе се регистрира со службен резултат 3:0 во корист на противничката екипа доколку на натпреварот не е постигнат подобар резултат.

Тренерот на екипата која го направила прекршокот од став 1 се казнува со забрана на вршење функција во траење од 3(три) до 6(шест) месеци.

**Член 42**

Клубот одговара за однесувањето на своите фудбалери, службените лица на клубот како и за своите навивачи/гледачи.

При неспортско однесување на публиката, непристојното навивање и скандирање, судијата на натпреварот го прекинува натпреварот со цел да му овозможи на домаќинот да ги одстрани поединците или ја испразни трибината за да може натпреварот да се одигра во спортска атмосфера прикладна за активности во кои учествуваат деца.

Доколку не постојат услови за продолжување на натпреварот поради околности од став 2 , главниот судија го прекинува натпреварот.

Прекинатиот натпревар од претходниот став се регистрира со службен резултат 3:0 во корист на противничката екипа доколку на натпреварот не е постигнат подобар резултат.

При повторени или посериозни инциденти, надлежното тело за детски фудбал може да изрече мерка – одигрување на натпревар без присуство на публика во траење од 2-6 натпревари.

Доколку за прекинот се одговорни фудбалерите или службени лица на клубот, екипата се дисквалификува од понатамошното натпреварување.

**Член 43**

Екипа која неоправдано нема да одигра најмалку два натпревари во соодветната категорија ќе биде дисквалификувана со одлука на надлежното тело за детски фудбал.

За неоправдано неодиграни натпревари се сметаат сите натпревари кои клубот не ги одиграл а при тоа:

- не побарал и/или не добил писмено одложување
- не го оправдал ненастапувањето

**Член 44**

При дисквалификација или напуштање на натпреварувањето соодветно се применуваат одредбите од член 103-105 на Правилникот за натпревари на ФФМ.

Екипата која го напуштила натпреварувањето или е дисквалификува го губи правото на пријавување на екипа во соодветната категорија на натпреварување во следната сезона 2017/2018.

**Член 45**

Учество/организација на меѓународни и други турнири е дозволено само со согласност на Комисијата за меѓународни работи/ Надлежно тело за детски фудбал во зависност дали се работи за настан со меѓународна димензија.

Клубот чија екипа земала учество како во став 1 (еден) од овој член ќе се изземе од програмата за доделување на спортска опрема/рекизити од страна на ФФМ.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 46**

За се што не е предвидено со овие пропозиции се применуваат соодветно одредбите од Правилникот за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија како и другите применливи прописи на ФФМ.

**Член 47**

Овие пропозиции стапуваат на сила со денот на усвојување од страна на Комитетот за итност.

Одлуката за нивно усвојување се потврдува на првата наредна седница на Управниот одбор на ФФМ.

Пропозициите се објавуваат во стручно-информативниот гласник на ФФМ „Макфудбал".

**Член 48**

Толкување на овие пропозиции дава Управниот Одбор на Фудбалската Федерација на Македонија.

Скопје
19.09.2016

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ“ 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**